НАСТАВА

Виолета АЧКОСКА

# НАЧИНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ИСТОРИЈА ЗА IV ГОДИНА РЕФОРМИРАНА ГИМНАЗИЈА (како изборен предмет)

Наставната програма по историја за IV година реформирана гимназија го опфаќа периодот по Втората светска војна од светската, европската, балканската и националната историја и временски завршува со крајот на XX век. Таа содржи три наставни теми, кои треба да се реализираат за околу 66 наставни часа, и тоа: 1. Светот и Европа од 1945 до 2000 година со 7 наставни единици и 18 наставни часа за реализација; 2. Балканот од 1945 до 2000 со 3 наставни единици и 7 изборни наставни содржини (за одредена балканска држава) и 22 часа за реализација, и 3. Македонија 1945-2000 со 7 наставни единици и 26 наставни часа за нивна реализација.

Наведениот фонд часови и наставни единици бара изведување на Програмата со комбинирање на традиционалните наставни форми и методи со методите, постапките и стратегиите на активната настава и наставата за развивање на критичкото мислење (ЧПКМ), како и со активности од Проектот за промоција на хумани вредности (ПХВ), со поголема примена на индивидуалната, индивидуализираната и групната форма на наставна работа и инстражувачки постапки, во кои, во најголема мера ќе биде застапена усната историја и анализата на печатените материјали. Притоа, покрај задолжителните содржини, нагласокот е ставен на изборноста во изучувањето на настаните, личностите и појавите според согледбите на наставникот и афинитетот на учениците, така што тие ќе ги продлабочуваат своите знаења преку избор на повеќе содржини што се поврзани со основната тема или со наставната единица[1].

---

[1] На пример, наставната единица *Политиката во креирањето на повоениот свет*, од првата наставна тема (Светот и Европа од 1945 до 2000) може да се реализира низ повеќе активности со организирана групна и индивидуална работа на учениците што вршат индивидуални истражувања, а потоа групно ги сумираат сознанијата и резултатите. Притоа, по кусото воведно предавање на наставникот, парарелката се дели на четири групи: првата група истражува *поими* што се однесуваат на политичката историја на светот по Втората светска војна; втората група ги проучува *меѓународните конференции* и нивните одлуки и последици за светот; третата група ги истражува и обработува најважните *историски личности* од политичката историја; четвртата група е

Затоа, во зависност од наставната содржина и од интересот на учениците, за реализација на една наставна единица се планираат активности што опфаќаат неколку наставни часови, за што ќе наведеме примери.

Во рамките на релизацијата на одделни настани содржини, наставникот организира повеќе истражувачки проекти и постапки. Овие проекти ќе бидат поврзани и со различни активности, како:

1. Посети во музеи, галерии, јавни установи и различни објекти и институции од современата историја. Притоа, учениците добиваат различни задачи: улога на репортери што поднесуваат извештај за посетата и го нагласуваат историското значење на тоа место, експонат, појава и слично; пишуваат писмени извештаи или усно ги изнесуваат своите впечатоци; разменуваат меѓусебни информации, дискутираат. Добро е дел од овие активности да се организира со работа во парови (тандемска работа). Во рамките на некоја посета може да се организира час на теренска настава со играње улоги и сл.

2. Собирање сеќавања и водење интервјуа со живи сведоци и актери во одреден историски настан и време по 1945 година. Повеќе искази за едно време се комплетираат во еден заеднички проект, на пример за 1945-1955 година. Истото може да се работи и проблемски, на пример, повеќе искази за животот на луѓето на село и за аграрната политика во повоениот период се собираат на едно место. Така на пример, група ученици може да изработи проект: Животот на македонското село 1945-1955 година. Друга група може да изработи проект за животот во градот, трета група за животот во периодот од осумдесеттите години, четврта група за животот на македонската емиграција во Австралија, Америка, Европа, или пак за животот на младината (организации, образование, забава и сл.) итн.[2]

3. Драматизации и играње улоги како наставна активност може да се реализираат при изучувањето на некој особено значаен настан, како, на пример, Првото заседание на АСНОМ, Постдамската конференција, Конференцијата за европска безбедност и соработка - КЕПС, прогласувањето на сувереноста на РМ итн. Истите теми можат да се реализираат и со анализа на клучните документи како, на пример: Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот на ДФМ од 1944, Декларацијата на ООН, Резолуцијата на ИБ од 1948; документи од КЕПС или Декларацијата за сувереност и независност на РМ од 1991 итн.

---

задолжена да ги проучи *меѓународните организации* и воено-политичките сојузи. Секоја група изработува свој проект и го презентира посебно на определен за таа содржина и активност час. Така, за реализација на оваа наставна содржина би биле потребни 4-5 наставни часа. Истата наставна единица може да се реализира и на друг начини, на пример со следење на различни видео, ТВ и филмски проекции, односно документарни емисии за историјата на светот и Европа по Втората светска војна, по што се води дебата во паралелката и се запишуваат најклучните моменти и највпечатливите случувања. Истата наставна тема може да се реализира и со ЦД-ром на посебни изданија за историјата на дваесеттиот век, доколку училиштето поседува компјутерска училница. Притоа, нагласокот се става на индивидуалното самоучење преку компјутер.

[2] Исти проекти можат да се изработуваат и за балканската и за европската историја. Пример: Европската 1968 година и на Балканот; Студената војна и Балканот, итн. Хипи модата и новата поп музика, Културата во повоениот свет; Науката и техниката во животот на обичниот човек итн.

4. На часовите може да се читаат печатени материјали и да се врши нивна критичка анализа, особено на делови од печатот, и тие да се споредуваат со усни искажувања за истото време, или, пак, да се користат други извори итн. Врз основа на анализа на одредени историски записи и документи, наставникот има можност да им покаже на учениците, но и тие самите да ги согледаат разликите помеѓу нормативното и стварното, помеѓу официјалното толкување и индивидуалното гледање, односно противречностите помеѓу одредбите на некој јавен документ и неговото спроведување во општествената практика. Со тоа, учениците истовремено се информираат за некои клучни прашања од методологијата на работата во историската наука. Исто така, учениците се оспособуваат за тоа како треба да ги сфатат и да ги разберат современите настани и да вршат селекција на информациите за нив.[3]

5. Секој ученик изработува сопствен проект: *Моето семејство во 1944-2000 година.* Притоа, може да се направи и тематско повторување за светот во тие години. Во три графи-колони, со фотографии, текстови, илустрации итн. може да се наредат: 1. Настаните (или животот на луѓето) во светот/Европа, на пр. 1945-1955, потоа 1955-1965, па 1965-1989 и 1989-2000 година (може и сосема поинаква периодизација, во зависност од настаните и појавите што ќе ги опфати некој ученик); 2. Настаните на Балканот/Македонија и 3. Моето семејство (членовите, нивните занимања, местото на живеење, најинтересни настани, промените во начинот на живот итн.)

6. Учениците составуваат речник на поими за националната и општата историја по 1945 година и изработуваат хронологија на настаните од 1945 до 2000 година. Секој ученик тоа го работи најпрво индивидуално, а потоа на часовите, со размена на информации, разговори и толкувања се прави заеднички речник и хронологија, тема по тема. На крајот од учебната година се составува интегрално за целиот временски период, посебно хронологија, посебно речник на поими.

7. Водење историски дневник е важна активност за писмено изразување на учениците. Затоа, секој наставник по историја треба да настојува учениците да водат историски дневник, во кој ќе ги запишуваат:

- прославите на годишнини и историски јубилеи од локалната, националната и општата историја (кога е одржана прославата, каде, по кој повод, со кои учесници, на каков начин, личните впечатоци за целиот настан итн.);

---

[3] За да ја постигне оваа цел наставникот може да користи богата дидактичка апаратура на наставни прашања и задачи, како што се: *Кој?* Кој го направил или го напишал тоа? Која улога ја имал меѓу тие што раководеле и одлучувале? *Што?* Што ни кажува овој доказ? А што не ни кажува?; *Кога?* Кога е тоа напишано? Во кој историски контекст? Кои биле карактеристиките на овој период или кои идеи можеле да влијаат на тоа? *Каде?* Каде се случил настанот и со што е поврзан?; *Зошто?* Зошто тоа било направено или напишано? Постоела ли некоја посебна цел за тоа?; *Како?* Како тоа било подготвено и составено? Како ти би го опишал тоа?

Овие и слични прашања може да се применат на часовите, на кои се разгледуваат оригинални документи, мемоари, весници, пописи на населението и разни други историски пишувани докази.

- разговорите со нивните родители, постари роднини и пријатели во врска со одредени позначајни минати настани од областа на културата, науката, уметноста, спортот, политиката, во кои биле учесници или сведоци;
- важните или интересните настани, чии сведоци биле самите ученици;
- позначајните настани од современите случувања во светот, Европа, Балканот и во РМ[4].

8. Изработката на белешки од прочитаната литература е една од важните активности во завршните години од гимназиското образование и може да се координира со наставникот по мајчин јазик и литература. Наставникот по историја треба да ги поттикнува учениците самостојно да ја читаат и да ја проучуваат литературата од историјата и од другите сродни науки, како и да ја следат избраната историска белетристика, а понекогаш и уметничката литература, која за мотив има некој историски настан, личност или процес од најновата историја. Наставникот треба да објасни на кој начин се читаат научни и научно-популарни дела и како се испишуваат основните научни резултати во облик на куси белешки[5]. Тие белешки ќе му послужат на ученикот како потсетник за прочитаното дело. Таквите белешки наставникот треба одвреме навреме да ги прегледува и да дава упатства за идната работа на учениците. Доколку станува збор за литературно дело, добро е да се организира интерактивна настава и да се води дебата за објективното историско случување и за субјективниот приказ и гледање на писателот.

9. Наставникот треба, исто така, да води со учениците дискусии и дебати за некои контроверзии во современата историја и различни толкувања на исти историски настани, појави или личности, кои во различни трудови или во современите јавни гласила се објаснети различно. На тој начин, меѓу другото, се поттикнува истражувачкиот дух на учениците и се негува критичкото мислење.

10. Личностите од современата историја треба да добијат посебно место и обработување. Најпрво, на еден од часовите, преку активноста бреингсторминг се составува првична листа, која понатаму се надополнува, на најважни личности од областа на културата, уметноста, науката, спортот, на политички и други личности од светот, Европа, Балканот и од Македонија по Втората светска војна. Пожелно е секој ученик да обработи барем една личност, а некои поинтересни личности може да се работат како проекти. На пример: „Мартин Лутер Кинг и неговата борба за човекови права", „Нелсон Мендела во историјата на Африка „ Ганди и гандизмот", „Пабло Пикасо и модерното

[4] Водењето историски дневник ќе ги научи учениците не само подобро писмено да се изразуваат, јасно и презицно да ги изнесуваат податоците, туку и да бидат критичари и набљудувачи на времето во кое живееат, да изградат однос кон пишувањето на историјата на својот народ и да сфатат дека се дел од создавањето на традициите, идентитетот и културата на сопствениот народ.

[5] Во посебна тетратка или на листови учениците треба да ги внесуваат следниве податоци: името на писателот, називот на делото, годината на издавање (за списанијата и бројот), називот на издавачот и бројот на страниците. Во горниот агол се наведува времето за кое книгата е прочитана, а потоа, на една до две страници, се изнесува основната содржина, а, по можност, и сопствената оценка на книгата или сопственото гледање на опишаниот настан, личност и слично.

европско сликарство", „Јосип Броз Тито и југословенскиот социјализам", „Енвер Хоџа во историјата на повоена Албанија", „Тодор Живков и неговото време во НР Бугарија", потоа многубројни други личности и творци од светската, европската, балканската и националната историја.

11. Особено внимание му се посветува на секојдневниот живот на обичниот човек, со цел да се согледаат различностите во традициите, верските и другите определувања и начинот на живот на различните етнички заедници на Балканот и во РМ. На тој план е потребна поголема координираност и соработка на професорите по историја и на републичко и на балканско и европско ниво, воспоставување соработка и размена на ученици, предавачи, проекти и искуства. Во истиот контекст треба да се обработуваат модернизацијата и промените на начинот на живот на луѓето во Западна и во Источна Европа, до распадот на комунизмот и во времето потоа. Така, може да се работат теми, како на пример: „Развојот на автомобилската индустрија и животот на современиот човек"; „Битлсите и новите трендови во европската музика", „Младинските движења во 1968", „Хипи-движењето и промените во животот на младите", „Загадувањето на животната средина и еколошките движења", „Животот на луѓето во РМ според карикатурите од одреден период" (шеесеттите, седумдесеттите или осумдесеттите години), „Промената во модните трендови и начинот на облекување" и многу други теми што ги опфаќаат промените во животот на луѓето во повоениот свет.

12. Истражување на теми од локалната историја како неопходна компонента од современото предавање на историјата, со цел да се негуваат историските традиции и да се всади љубов кон родокрајната историја. Ваквите теми може да се работат проблемски или хронолошки, со особен акцент на личностите што оставиле позначајни траги во културната, спортската, економската, образовно-просветната итн. историја на одредено место, град или регион.

13. Работата со статистички податоци, шеми и графикони и нивното читање и толкување е една од трајните вештини што се стекнуваат на часот по историја. Изданијата што се однесуваат на историјата по Втората светска војна навистина изобилуваат со статистички и други графички прикази, а во однос на националната историја добро е да се користат и статистичките билтени на Државниот завод за статистика на РМ. Истовремено, наставниците треба да ги обучуваат учениците и самите да прават статистички прикази, шеми и графикони на одредени појави и податоци, а исто така да изработуваат различни графички организатори на идеи што се содржани во проектот ЧПКМ (табели на поими, гроздови, вен-дијаграми, Т-табели итн.).

14. Анализи на слики, фотографии, карикатури и други ликовни прикази што на различни начини го прикажуваат минатото, пренесуваат историска порака, отсликуваат дел од историското време, опишуваат аномалија на одредена личност или појава или едноставно го прикажуваат животот на луѓето во војна или мир, низ различни простори и аспекти на човековото живеење во втората половина на XX век. Притоа, и самите ученици можат да собираат илустративен материјал и по групи да подготвуваат албуми (проблемски или

хронолошки) со наслов: *„Илустрирана историја 1945-2000“.* Материјалите се чуваат во училиштето како историски извори за најновата историја.

Во понатамошниот текст следува предлог за планирање и реализација на наставната тема 3:

### *МАКЕДОНИЈА ОД 1945 ДО 2000 ГОДИНА*

Вкупен број на часови за реализација: 26

Наставни единици: 7

Притоа, глобално, во рамките на рализацијата на темата, може да се планираат:

7 - часа за усвојување на нов материјал (преку предавања на професорот, активно самоучење или преку други начини на учење на новата наставна граѓа);

15 - часа за индивидуализирана, индивидуална, тандемска и групна работа на учениците со организирање различни активности и избор на содржини што се однесуваат на одделни делови на наставната единица, според интересот на учениците или изборот на професорите (анализа на документи и различни печатени материјали од времето за кое станува збор, читање научна, публицистичка или уметничка литература што се однесува на најновата историја; следење документарни и уметнички филмови и други проекции, театарски претстави, ТВ и радиоемисии, посети во разни установи и гостување на повеќе живи сведоци, организирање дебати, драматизации, обработка на повеќе личности од националната и локалната историја).

4 - часа за утврдување и систематизација на материјалот. Тука може да се применуваат различни техники од Проектот ЧКПМ (табели на поими, гроздови, вен-дијаграми итн.). Добро е да се прават и компарации помеѓу одредена појава или карактеристики на одреден период во светот, на Балканот и во РМ.

*Понатаму следуваат предлози за реализација на одделните наставни содржини од третата тема*:

***3.1. Македонија во рамките на ФНРЈ*** (реализација 3 наставни часа)

- прв наставен час - предавање на наставникот (се дава општ хронолошки преглед и карактеристики на етапите на развојот на РМ во рамките на федерацијата)

- втор наставен час - се читаат и се анализираат делови или цели документи, како на пример: одлуките и решенијата на АСНОМ, Декларацијата за правата на човекот, Народна влада на НРМ; делови од уставите од 1946, 1953, 1963 итн.;

- третиот наставен час се посветува на личности од повоената македонска историја, како на пример: Методија Андонов-Ченто, Панко Брашнаров, Михајло Апостолски, Лазар Колишевски, Крсте Црвенковски, Киро Глигоров итн.

**Алтернативи**:

- Алтернативно може да се организира драматизација на Првото заседание на АСНОМ или слично. Притоа, еден час се врши подготовка, се доделуваат улоги, кои учениците самостојно ги подготвуваат и на следниот час настапуваат според однапред направено сценарио.

-Еден час може да му се посвети на некое посебно прашање од повоената историја на РМ во рамките на СФРЈ, како, на пример, за меѓуетничките односи. Наставниците можат да организираат дебати, на кои ќе се дискутира и ќе се споредуваат Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот на АСНОМ и Уставот од 1991 година. Учениците може да бидат задолжени да водат интервјуа и анкети со родители и повозрасни личности за поимот „братство и единство“ во југословенската федерација, за различитостите и сличностите во историското живеење на различните народи, за националностите и малцинствата, итн.

***3.2. Положбата на Македонците во егејскиот и во пиринскиот дел на Македонија и во Албанија*** (3 наставни часа)

Учениците се делат на четири групи, кои истражуваат или изработуваат проекти за положбата на Македонците во соседните балкански држави. На првиот час наставникот дава воведни напомени и објаснувања за наставната единица. На следниот час секоја група поднесува извештај за положбата на Македонците во секоја балканска земја поодделно, при што, во табела со четири колони се внесуваат основните податоци од секоја група поодделно. На третиот час се врши споредување и се разговара за сличностите и разликите во врска со почитувањето на националните, човековите и други права на Македонците и за специфичностите на нивната положба во одделни периоди.

***3.3. Политичко-економски и социјални промени во Република Македонија*** (4 наставни часа)

Едниот час е потребен за воведно предавање на професорот, во кое дава анализа на фазите на развојот на РМ во рамките на федерацијата и ги објаснува новите поими (експропријација, аграрна реформа, национализација, колективизација итн.)

На вториот час се анализираат текстови од книгата со документи: *Заедничкото минато, учење за иднината; Секојдневниот живот во Албанија, Бугарија и Македонија 1945-2000; ЕУРО-Клио 2003.* Притоа, наставникот може да организира една од активностите наведени во книгата. Потоа на учениците им се даваат задолженија:

***Истражувајте***:

1. *Запишете сеќавање од некој жив сведок или учесник во време на спроведувањето на мерките, со кои се одземала приватната сопственост во НРМ (експропријација, национализација, колективизација итн.)*. Еден час или дел од часот им се посветува на овие сеќавања.

2. *Запишете сеќавање од некој жив сведок-учесник во самоуправувањето! Потоа во класот разменете ги информациите! Составете Т-табела, во која на едната страна ќе ги ставите позитивните, а на другата негативните искуства од самоуправувањето.* Еден час или дел од часот им се посветува на овие сеќавања.

3. *Анализирајте повеќе карикатури и направете споредба со истите случувања во некоја од соседните балкански држави (Бугарија или Албанија).*

4. Направете листа и опис на најпознатите индустриски објекти по 1945 година во вашето место на живеење. Анализирајте ја сегашната состојба на тие капацитети.

Пожелно е да се води дебата за тоа како официјалните документи ги претставуваат економските мерки на државата, а како за нив се искажале граѓаните или на тема кои промени се случиле во стопанскиот живот во одреден регион (локална историја).

***3.4. Миграциски движења во Македонија*** (3 наставни часови)

На првиот час наставникот ја објаснува суштината на миграциите и причините поради кои населението во Македонија мигрира и по Втората светска војна. Притоа, особено внимание им се посветува на деаграризацијата и депопулацијата на македонските села, а потоа и на причините за заминувањето на привремена работа во странство или за трајното иселување. Потоа на учениците им се дава задача:

***Истражувајте***:

*1. Запишете сеќавање или приказ на едно семејство, кое од селото се преселува во градот, преку одговор на следниве прашања: Од каде потекнува преселникот (семејство и село); Кога и зошто го напуштиле селото (да се објаснат причините за миграцијата); Како се прилагодиле кон новата средина? Какви промени се случиле во нивниот живот? Што станало со потомците на тие селани?* Сите сеќавања се собираат во посебни папки или се укоричуваат и се чуваат во историското катче како историски сведоштва.

*2. Посетете (по можност) едно напуштено македонско село во својата најблиска околина и направете негов опис. Вклучете ја Вашата фантазија, на пример замислете како течел животот во с. Галичник пред неговото испразнување и каков е сега*? Часот може да се организира во корелација со предметите географија и мајчин јазик.

*3. Во соработка со професорот по литература и мајчин јазик прочитајте и анализирајте делови од македонската литература што се однесуваат на промените по 1945, особено за колективизацијата на селото, задолжителниот откуп итн.*

***3.5. Образование, наука, култура и религија во Македонија*** (4 наставни часа)

По воведното предавање на наставникот, кој зборува за развојот на образованието, науката и културата учениците добиваат повеќе задолженија, од кои еден дел се однесуваат на истражување на локалната (родокрајната) историја:

- една група истражува за најважните културни и уметнички манифестации во државата (Рацинови средби, Струшки вечери на поезијата, Охридско лето, Струмичка ликовна колонија, итн.) и за најважните образовни и научни институции;
- една група ги истражува локалните образовно-просветни институции и културни споменици и институции и поднесува извештај за нивното формирање, развој и дејност;
- една група истражува и составува биографии на современите локални творци (писатели, сликари, резбари, музичари итн.) и поистакнати научни, просветни и други работници;
- една група истражува за улогата на МПЦ и на другите верски заедници.

Притоа се разговара за обичаите и начинот на живот, за сличностите и разликите помеѓу припадниците на различна вероисповед. Добро е да се направи

опис на начинот на прославување на најважните верски празници од сите верски конфесии во местото на живеење (или во поблиската околина) на учениците.

***3.6. Македонија и меѓународните асоцијации*** (3 часа)

- Анализа на избрани документи: делови од печатот (1991-2000); анализа на делови од Уставот на РМ од 1991 година; анализа на програми од различни политички партии;

- Анализа на делови од мемоарски дела (на пр. објавените мемоари на Киро Глигоров, Стојан Андов итн.)

- Да се покани на разговор еден од пратениците на првите плуралистички собранија (на републичко или општинско ниво) и да се разговара за амбиентот и задачите што ги решавале овие први плуралистички собранија во суверена РМ.

- Да се води дебата за транзицијата во Македонија, на Балканот и во Европа, со правење споредби;

- Да се анализираат документи што ги регулираат човековите права и слободи. Да се води разговор за нормативното регулирање и за неговото функционирање во практиката;

- Учениците да напишат есеј за европската преспектива на РМ!

***3.7. Македонските иселеници во Европа и во прекуокеанските земји*** (2 наставни часа)

Едниот час е предавање на наставникот, во кое ќе ги објасни причините за иселувањето во странство, ќе направи осврт на политичкото, просветното, културното и верското организирање и живот на иселеништвото.

Вториот час е посветен на читање сеќавања и писмени состави за животот на македонските иселеници во Европа и во прекуокеанските земји. Претходно учениците добиваат задолжение да разговараат со семејства или познаници на иселеници. (Кој, кога, зошто и каде заминал. Како се снашол во новата средина. Што работи таму, како живее, какви се неговите контакти со татковината итн.).

Алтернативно, може да се организира и час од интерактивна настава заедно со професорот по литература и мајчин јазик со читање и анализа на делови од писма на иселеници објавени во книгата „Гроб за душата“ на Живко Чинго или други книги со слична тематика.

На крајот од учебната година учениците го презентираат својот проект: *Моето семејство 1944-2000 година*. Притоа, може да се направи и тематско повторување за светот и Балканот во тие години. Тие исто така ги комлетираат своите хронологии за времето-периодот што го изучувале, како и речниците со нови поими.

Горепосочените постапки и примери се само дел од пристапите во реализацијата на програмата за четврта година реформирана гимназија и претставуваат идеи, кои наставниците ќе ги менуваат и надополнуваат според условите, сопственото искуство и афинитетот на учениците. Периодот од 1945-2000 година опфаќа богат избор на многубројни настани, личности и промени, така што, во современите услови на распространетост на мас-медиумите, интернетот и други извори на податоци може да се организира интересна настава, чија основна цел ќе биде осознавање на историјата од која се дел и самите

генерации што ја изучуваат и пред се нивно воспитување во духот на граѓанската демократија. Се разбира дека целосниот успех во реализацијата на Програмата е поврзан со изработка на современ и квалитетен учебник во кој, пред с#, ќе бидат вградени достигнувањата на современата методика на наставата по историја и на методологијата на историската наука во сообразност со европската ориентација на РМ.

Литература:


1. Steele, J. L. Meredith, & Templ, C., Redading and Writing for Critical Thinking - RWCT, 1997 (Проект ЧПКМ, прирачници од 1- 7).
2. Адамческа С., Активна настава, Методички основи, ЛЕГИС, Скопје 1996.
3. Ачкоска В., Методика на наставата по историја, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје 2001.
4. Ачкоска В., Петреска Д., Истражувањето како метод во современата настава по историја, „Историја", XXXIX /1-2, Скоје 2003, 161-170.
5. Ачковска-Лешковска Е., Миовска С., Осовременување на наставата со примена на техники што поттикнуваат критичко мислење (изводок од труд од тематска расправа), „Огледало", I/1, март 2000, Скопје.
6. Е. Симовска, Н. Габер, Д. Јорданов, Промоција на хумани вредности (ПХВ), Сожителство, толеранција, Скопје 1998.
7. Заедничкото минато, учење за иднината, Секојдневниот живот во Албанија, Бугарија и Македонија 1945-2000, ЕУРО-Клио 2003.
8. Виолета Ачкоска, Македонија во југословенската федерација 1943-1991, хронологија, ИНИ, Скопје, 2001.
9. Новица Велјановски, Македонија 1945-1991, ММ-ИНИ, Скопје 2002.
10. Виолета Ачкоска, Братството и единството 1944-1974 година помеѓу хармонија и дисхармонија, ИНИ, Скопје 2003.
11. АСНОМ - педесет години македонска држава 1944-1994, Зборник, МАНУ-ИНИ, Скопје 1995.
12. Istorija 2, Ilustrirana enciklopedija, „Vuk Karađić", Београд 1986.
13. Пешевска Маргарита, Меѓународните односи по Втората светска војна. Скопје 1999.
14. Пешевска Маргарита, Светот во транзиција, Менора, Скопје 2002.
15. Лакер Волтер, Историја Европе, (1945-1992), Београд 1999.
16. Владимир Ортаковски, Малцинствата на Балканот, „2-ри август" Штип, Скопје 1998.
17. Документи за македонската државност, Табернакул, Скопје 2004.
18. Тошо Поповски, Македонците во Бугарија, Грција и Албанија, Македонска Книга, Скопје 1981.
19. Петрановиќ Бранко, Историја Југославије 1918 - 1978. Београд 1980.
20. Клог Ричард, Историја Грчке новог доба. Београд 2000
21. Бартл Петер, Албанци, КЛИО, Београд 2001
22. Павловиќ Стеван, Историја Балкана, Београд 2001.
23. Петковиќ Ранко, XX век на Балкану: Версај - Јалта - Дејтон, Београд 1996.
24. Balkanski ugovorni odnosi 1876-1996, III tom (1946 - 1996). Beograd 1999.